**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2014 ГОДИНА



## 1. ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија претставува уставна категорија и неговата положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Стварната надлежност на Врховниот суд на Република Македонија, е регулирана во Законот за судовите, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност Врховниот суд ја остварува во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и специјализиран совет во врска со барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот.

Својата надлежност за воедначување на судската пракса, Врховниот суд ја остварува на Општа седница преку утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Врховниот суд. Исто така, воедначувањето на судската пракса се реализира и следи и преку Одделот за судска пракса.

Во извештајната година, во Врховниот суд на Република Македонија во реализација на оваа надлежност, се изврши селекција на 7 начелни правни мислења и 4 одлуки донесени на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, 8 правни мислења, 14 заклучоци и 78 сентенци на Одделот за граѓански дела, во кои е изразено правно сфаќање за примена на законите од облигационото право, семејно право, наследно право, работните спорови, трговските спорови, прашања за примената на Законот за парничната постапка, 9 правни мислења, 1 заклучок и 102 сентенци на Одделот за казниви дела од обласа на казненото материјално и процесно право и 30 сентенци од Одделот за заштита на правото на судење во разумен рок за изготвување на Збирката на судски одлуки на Врховниот суд на Република Македонија 2004-2014.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, седница на судиите, седница на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори.

Судиите на Врховниот суд на Република Македонија во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања,

Остварувајќи ја законски утврдената обврска во текот на 2014 година судиите на Врховниот суд на Република Македонија учествувале во телата на Академијата за судии и јавни обвинители како едукатори и како учесници во континуираната едукација.

Во рамките на Врховниот суд на Република Македонија функционира и Работно тело за стандардизација на постапките во судовите.

Во Врховниот суд на Република Македонија согласно Законот за судска служба функционира и Совет за судска служба во состав и надлежности определени со Законот и Одделение за административна поддршка на Советот.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во одделите и специјализираниот совет дадени подолу во текстот од Годишниот извештај на Судот.

Во Годишниот извештај за 2014 година прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

# 2.Човечки ресурси

Согласно Одлука на Судскиот совет на Република Македонија, бројот на судии во Врховниот суд на Република Македонија е утврден на 25, со тоа што мируваат местата на двајца судии – еден член на Судскиот совет на РМ и еден судија на Уставниот суд. Во тек на 2014 година, двајца судии се пензионирани, што значи дека актуелниот состав брои 21 судија, со Претседателот на судот. Ако се има во предвид дека двајца судии ќе заминат во пензија во 2015 година, а упразнетите места во 2014 година не се пополнети, ќе се доведе во прашање нормалното фунционирање на судот.

Согласно Законот за судови, Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места утврдена е внатрешната организација, работните места и бројот на извршители потребни за извршување на надлежностите на Врховниот суд.

Од предвидениот број на судски службеници во Правилникот, кои согласно Законот за судска служба се класифицираат во три групи (раководни, стручни и административни), може да се констатира дека бројот на судски службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите согласно обемот и сложеноста на надлежноста на Врховен суд на РМ како највисок суд во државата.

Во изминатиот период се констатира редовен одлив на високо квалитетен и стручен кадар, поради заминување на определени судски службеници во други институции на работни места со повисоки раководни звања, од причина што не функционира системот на унапредување на судските слубеници во судот. Во последните неколку години во Врховниот суд на РМ се вработуваат само стручни судски службеници на пониски работни места и звања.

Имено, од бројот на предвидените работни места на раководни судски службеници, 19 извршители, пополнети се само 4 работни места, а за административни судски службеници 43 извршители, пополнети се 22 работни места.

Заради непречено исполнување на работата во врска со надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија, недостигот од вработени се надоместува со распоред за работа поради што подолго време се случува да секој вработен врши повеќе работи и работи на работни места кои не одговараат на неговото звање.

Врз основа на анализата со постојната состојба, обемот на работа, бројот на судиите и моменталниот распоред за работа, потребно е да се преземат најитни мерки за пополнување на работни места како неопходни и исклучително значајни за непречено вршење на работата.

## 3. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Врховниот суд на Република Македонија во **2014** година постапувал по вкупно **4.909** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Во текот на годината решени се **3.274** предмети, а останале нерешени **1.635** предмети по сите основи.

Во Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2014 година во Судот биле примени **3190** предмети и решени **3274** предмети при што **совладан е приливот** на новопримени предмети за вкупно **84** предмети.

## 4. СУДСКА УПРАВА

Во текот на **2014** година до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, се доставени вкупно **523** заведени во уписникот **УПП** - Уписник за претставки и предлози.

Од вкупно доставените **523** поднесоци, заведени уписникот **Упп**, **162** се барања за побрзо решавање на предмети, а **361** се разни други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **162** барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил **33**, одбил **74**, додека пак за останатите се добиени податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот апелационен суд.

Од вкупно доставените поднесоци заведени во уписникот **Упп**, се евидентирани 8 поднесоци на Народниот правобранител, 3 поднесоци на Министерството за правда и 9 поднесоци на Судскиот совет на Република Македонија, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и други информации по конкретен предмет. По истите е постапувано во законски предвидените рокови, согласно Законот за судовите, Законот за постапување по претставките и предлозите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

## 5. ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

## 5.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Одделот за казниви дела** во 2014 година имал во работа вкупно **963** предмети. Од нив **843** предмети се новопримени, а од претходната година останале нерешени **121** предмети. Во текот на годината, советите решиле **754** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **209** предмети по сите основи.

### 5.1.1.Структура на решените предмети

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –**КВП, КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2,** вкупно 353 предмети, е следна:

**ГЛАВА XIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО**

- 58 предмети за кривично дело – Убиство **- член 123**;
- 4 предмети за кривично дело – Убиство на миг – **член 125**;
- 7 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130**;
- 24 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131**;
- 2 предмети за кривично дело – Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница – **член 133**;

**ГЛАВА XV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДАТА И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

- 3 предмети за кривично дело – Противправно лишување од слобода – **член 140**;
- 4 предмети за кривично дело – Грабнување – **член 141**;
- 3 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144**;

**ГЛАВА XVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ И ГЛАСАЊЕТО**

- 2 предмети за кривично дело – Спречување на избори и гласање – **член 158**;

**ГЛАВА XVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

- 1 предмет за кривично дело – Непреземање на мерки за заштита при работа – **член 170**;

**ГЛАВА XVIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧЕСТА И УГЛЕДОТ**

- 1 предмет за кривично дело – Клевета – **член 172**;
- 1 предмет за кривично дело – Навреда – **член 173**;

**ГЛАВА XIX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ**

- 11 предмети за кривично дело – Силување – **член 186**;
- 1 предмет за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187**;
- 14 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години – **член 188**;
- 1 предмет за кривично дело – Задоволување на полови страсти пред друг – **член 190**;
- 2 предмети за кривично дело – Посредување во вршење проституција – **член 191**;

**ГЛАВА XX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БРАКОТ, СЕМЕЈСТВОТО И МЛАДИНАТА**

- 3 предмети за кривично дело – Запуштање и малтретирање на малолетно лице – **член 201**;
- 3 предмети за кривично дело – Неплаќање издршка – **член 202**;

**ГЛАВА XXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО**

- 78 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори – **член 215**;
- 6 предмети за кривично дело – Овозможување на употреба наркотични дроги – **член 216**;

**ГЛАВА XXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**

- 5 предмети за кривично дело – Незаконита експлоатација на минерални суровини – **член 225-а**;
- 1 предмет за кривично дело – Незаконит риболов – **член 229**;

**ГЛАВА XXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ**

- 14 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235**;
- 1 предмет за кривично дело – Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или гас – **член 235-а**;
- 75 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236**;
- 30 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237**;
- 1 предмет за кривично дело – Разбојничка кражба – **член 238**;
- 4 предмети за кривично дело – Затајување – **член 239**;
- 1 предмет за кривично дело – Одземање на туѓи предмети – **член 241**;
- 1 предмет за кривично дело – Бесправно градење – **член 244-а**;
- 37 предмети за кривично дело – Измама – **член 247**;
- 2 предмети за кривично дело – Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем – **член 251**;
- 1 предмет за кривично дело – Лажен стечај – **член 254**;
- 1 предмет за кривично дело - Оштетување или повластување на доверители – **член 257**;
- 7 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258**;
- 1 предмет за кривично дело – Уцена – **член 259**;
- 1 предмет за кривично дело – Прикривање – **член 261**;

**ГЛАВА XXV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО

- 3 предмети за кривично дело - Фалсификување пари – **член 268**;
- 1 предмет за кривично дело – Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување – **член 271**;
- 4 предмети за кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело – **член 273**;
- 2 предмети за кривично дело – Криумчарење – **член 278**;
- 3 предмет за кривично дело – Царинска измама – **член 278-а**;
- 1 предмет за кривично дело – Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама – **член 278-б**;
- 9 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279**;
- 1 предмет за кривично дело – Фалсификување или уништување деловни книги – **член 280**;
- 1 предмет за кривично дело – Неовластена употреба на туѓа фирма – **член 285**;
- 1 предмет за кривично дело – Неовластена употреба на туѓ пронајдок или софтвер – **член 286**;

**ГЛАВА XXVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ НА ЛУЃЕТО И ИМОТОТ**

- 3 предмети за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288**;
- 9 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**;

**ГЛАВА XXVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БЕЗБЕДНОСТА НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

- 4 предмети за кривично дело – Загрозување на безбедноста на сообраќајот – **член 297**;

- 39 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300**;

**ГЛАВА XXX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ**

- 24 предмети за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување - **член 353**;
- 1 предмет за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353-в**;
- 4 предмети за кривично дело – Проневера во службата – **член 354**;
- 6 предмети за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**;
- 1 предмет за кривично дело – Давање поткуп – **член 358**;
- 1 предмет за кривично дело – Фалсификување на службена исправа – **член 361**;

**ГЛАВА XXXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО**

- 1 предмет за кривично дело – Поднесување лажни докази – **член 366-а**;
- 2 предмети за кривично дело – Незаконито влијание врз сведоци – член **368-а**;

**ГЛАВА XXXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

- 12 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**;

**ГЛАВА XXXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД**

- 7 предмети за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382**;
- 8 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383**;
- 1 предмет за кривично дело – Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие – **член 384**;
- 30 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386**;
- 1 предмет за кривично дело – Симнување или оштетување на службен печат или знак – **член 389**;
- 1 предмет за кривично дело – Лажно претставување – **член 391**;
- 1 предмет за кривично дело – Самовластие – **член 392**;
- 50 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394**;
- 43 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**;

**ГЛАВА XXXIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО**

- 1 предмет за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување геноцид и воени злосторства – **член 416-а**;
- 21 предмет за кривично дело – Криумчарење мигранти – **член 418-б**;
- 3 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в**;
- 2 предмети за кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор – **член 418-д**;
- 4 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице– **член 418-г**;
- 1 предмет за кривично дело – Земање заложници – **член 421**;

Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот – **КР** е следна:

- 11 предмети – **Прекршок од ЗБСП** ;
- 4 предмети – **Прекршок од Закон за јавен ред и мир**;
- 15 предмети – **Прекршок од Закон за шуми;**

- 1 предмет – **Прекршок од Закон за јавни патишта**;
- 1 предмет – **Прекршок од Царински закон**;
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари**;
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за производи за заштита на растенија**;
- 1 предмет – **Прекршок од Законот за комунална такса**.

**5.1.2.Начин на одлучување**

По барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови од вкупно решените 54 барања, одбиени се 7 како неосновани. Од уважените: во 3 предмети е укината само првостепена пресуда, во 2 предмети е укината само второстепена пресуда, во 32 предмети е укината првостепена и второстепена пресуда, во 4 предмети е констатирана повреда на КЗ, во 5 предмети е преиначена одлуката, а во 1 предмет е отфрлено барањето.

По апелациони подрачја биле 24 предмети од Апелациониот суд Скопје, 8 предмети од Апелациониот суд Битола, 6 предмети од Апелациониот суд Штип и 16 предмети од Апелациониот суд Гостивар.

Со едно осудено лице имало 39 предмети, со 2 лица 11 предмети, со 3 лица 2 предмети, со 4 лица 1 предмет и со 6 лица 1 предмет, а вкупно осудени лица се 54. Притоа, се констатира дека по барањата за заштита на законитоста во текот на извештајната година се решени 79% од предметите во однос на вкупниот број, 98% во однос на новопримени, а останале само 14 нерешени предмети.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен - **ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна:

Новопримени предмети по жалба на решенија за притвор во 2014 година се 38 предмети, во 1 предмет жалбата е отфрлена, во 31 предмет жалбата е одбиена како неоснована, во 6 предмети е преиначена одлуката и сите предмети се решени.

По жалба по пресуди во трет степен примени се 5 предмети, 1 предмет е одбиен, 2 предмети се преиначени, вкупно се решени 3 предмети, а останале нерешени 2 предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

Од 2013 година останале нерешени 15 предмети, новопримени во 2014 година се 297 предмети, вкупно во работа биле 312 предмети од кои решени се

281 предмет, а останале нерешени 31 предмет. По видот на одлуката: 243 предмети се одбиени, 35 уважени и 3 предмети отфрлени. Оттука, може да се констатира дека во текот на извештајната година решени се 90% од сите предмети, 95% од новопримените предмети заведени под ВУК.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

Од 2013 година останале нерешени 2 предмети, новопримени во 2014 година се 27 предмети, вкупно во работа биле 29 предмети, од кои решени се 25 предмети, а останале нерешени 4 предмети. По видот на одлуката : 3 предмети се одбиени, 6 предмети се уважени, 14 предмети се решени на друг начин, 2 предмети се отфрлени, а останале нерешени 4 предмети. Отука, се констатира дека во предметите заведени под **КР**, во текот на извештајната година се решени 86% од сите предмети, 93% од новопримените.

### 5.1.3.Траење на постапката

Во однос на времетраење на постапката, може да се констатира дека во 2014 година ажурно се постапувало по сите видови на предмети. По одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки, кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети, кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е што овие предмети

најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и постапката се одолговлекувала. Во Врховниот суд времетраењето на постапката во 90% случаи не траела повеќе од 1 до 3 месеца, а во некои случаи постапката траела подолго.

## 5.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

**Одделот за граѓански дела** во 2014 година имал во работа вкупно **3.155** предмет од надлежност на Врховниот суд на Република Македонија во граѓанската област, од кои **1.465** нерешени предмети од претходната година и **1.692** новопримени предмети во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа, советите во овој оддел решиле **1.924** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **1.231** предмети.

Споредено со претходната 2013 година кога биле решени **1975** предмети, во извештајната година решени се **51** предмет помалку.

Споредено со **2013** година кога останале **1.465** нерешени предмети на крајот на **2014** година, бројот изнесува **1.232** и е намален за **233** предмети.

Во **2014** година во Одделот за граѓански дела **совладан е приливот во целост,** а заостатокот е намален за **233** предмети.

### 5.2.1.Структура на решени предмети

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2014 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на надомест на штета **439** предмети или **24,28%,** потоа по основ долг **383** предмети или **21,18**%, за сопственост и владение **334** предмети или **18,47%,** работни спорови **228** предмети или **12,61%,** за стечај **176** предмети или **9,73%,** поништување и раскинување на договор **149** предмети или **8,24%,** други спорови **116** предмети или **6,41% ,** за неосновано збогатување **60** или **3,32%**, за развод на брак **24** предмети или **1,33%**, издршка **15** предмети или **0,83% .**

Споредбено со претходната година, во 2014 година има разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало по следните основи: по основот поништување и раскинување на договор кој е процентуално намален, односно во 2013 година биле решени 423 предмети или 22,70% , а во 2014 година 149 предмети или

8,24%, по основот работни спорови, бројот на решени предмети процентуално е намален, односно во 2013 година биле решени 382 предмети или 20,5%, а во 2014 година 228 предмети односно 12,61%, по основот сопственост и владение, бројот на решени предмети процентуално е зголемен, односно во 2013 година биле решени 186 предмети или 9,98%, а во 2014 година 334 предмети односно 18,47%, по основот долг, бројот процентуално е зголемен, односно во 2013 година биле решени 286 предмети или 15,33%, а во 2014 година 383 предмети односно 21,18%. По другите основи не е забележена поголема разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало во извештајната година споредбено со претходната 2013 година.

### 5.2.2.Начин на одлучување

Од вкупниот број граѓански предмети **3.155** кои биле во работа во 2014 година по ревизија биле **3.038** предмети, односно **96,26%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.808** предмети, односно **59,51%.**

Од решените **1.808** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **1054** односно **58,30%**, преправени **117** односно **6,48 %**, укинати **191** односно **10,56%**, отфрлени **444** односно **24,55%** и на друг начин решени се **2** односно **0,11 %.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%**, во 2009 година **47,7%,** во 2010 година **59%,** а во 2011 година **53,8%,** во 2012 година година **47,6%,** во 2013 година **58,70%,** во 2014 година **58,30**%. Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2014 година, како неосновани споредбено со претходната година е речиси ист.

Состојбата кај апелационите судови по однос на одбиените ревизии во 2014 година изгледа вака:

- **Апелациониот суд Скопје** од вкупно **980** решени ревизии, **606** ревизии биле одбиени како неосновани или **61,84 %**;
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **409** предмети, **212** ревизии биле одбиени како неосновани или **51,83%**;
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **183** предмети, **109** ревизии биле одбиени како неосновани или **59,56%**,
- **Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **234** предмети, **127** ревизии биле одбиени како неосновани или **54,27%**;

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49** или **4,4%**, во 2004 година **31** одлука или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111** или **5,4%**, во 2009 година **118** или **7%,** во 2010 година **100** или **8,7%,** во 2011 година **70** или **6,7%,** во 2012 година **66** или **4,6%,** во 2013 година **118** или **6,33%,** во 2014 година **117** предмети или **6,47%**. Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е исто споредено со претходната извештајна година, односно нема промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на преиначени ревизии во 2014 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **980** решени ревизии, биле преиначени **65** или **6,63**%**;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **409** решени ревизии, биле преиначени **24** или **5,87%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **183** решени ревизии, преиначени се **14** ревизии или **7,65%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **234** решени ревизии, преиначени се **14** ревизии или **5,98%**.

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии во 2014 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **980** предмети, **110** се укинати или **11,22%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **409** предмети, **40** се укинати или **9,78%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **183** предмети, **20** се укинати или **10,92%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **234** предмети, **21** се укинати или **8,97%.**

**Одделот за граѓански дела** освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Така, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, биле во работа вкупно **118** предмети и од овие решени се **116** предмети, или **98,30%**, а останале нерешени **2** или **1,70%.**

### 5.1.3.Траење на постапката

Во 2014 година од вкупно решени **1.808** предмети, траењето на постапката од **1 до 3 години** била кај **783** предмети, **од 8 месеци до 1 година** кај **622** предмети, **од 6 до 8 месеци** кај **145** предмети, **од 3 до 6 месеци** била кај **104** предмети, **од 2 до 3 месеци** била кај **31** предмети, **од 1 до 2 месеци** била кај **81** предмети, **до 1 месец** траела постапката кај **41** предмети. Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд споредбено со претходните години оди кон подобрување. Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, поради зголемениот прилив на предмети.

## 5.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Во Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната **2014** година, вкупно во работа биле **773** предмети во двата степени на одлучување, од кои во текот на годината новопримени се **637** предмети, а од претходната година останале нерешени вкупно **137** предмети.

Во текот на извештајната година решени се **582** предмети, а на крајот на годината во Одделот останал нерешен **191** предмет.

### 5.3.1 Оддел за судење во разумен рок – прв степен

Во **Одделот за судење во разумен рок** советите **во прв степен** во извештајната година имале вкупно во работа **576** предмети, од кои **128** предмети останале нерешени од 2013 година, а во 2014 година новопримени се **448** предмети.

Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **403** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **173** предмети.

#### 5.3.1.1 Начин на одлучување на првостепениот совет

**Од вкупно 403 решени предмети** :
- 162 предмети се решени со одбивање како неосновано на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок , односно 40,19% од кои

- 125 предмети од граѓанската материја или 77,16 %, ,
- 17 предмети од кривична материја или 10,49%
- 20 предмети од управна материја или 12,34%, ,

- 47 предмети се решени со отфрлање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок односно 11,66 %, од кои:

- 33 предмети од граѓанската материја или 70,21%,
- 7 предмети од кривична материја или 14,89%,
- 7 предмети од управна материја или 14,89%, ,

- 194 предмети се решени со усвојување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, односно 48,1 %, од кои:

- 115 предмети од граѓанската материја, или 59,27%,
- 25 предмет од кривична материја или 12.88%,
- 54 предмет од управна материја или 27,83%,

Анализата на вкупниот број решени предмети пред првостепениот совет, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања во овој извештаен период покажуваат дека за разлика од претходните години преовладува бројот на решени предмети со усвојување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок со **48,1%.**

## ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ ПО БАРАЊАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Времетраењето на постапување на првостепениот совет на Врховниот суд на Република Македонија по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

**Од вкупно решените 403 предмети или 69,96%,**

**во период до 1 месец решени се вкупно 13 предмети или 3,22 %, ,** од кои:

- **12** предмети од **граѓанската материја или 92,30 %,**
- **1** предмети од **кривична материја или 7,69 %,**
- **/** предмети од **управна материја.**

**во период од 1 до 2 месеци решени се вкупно 91 предмет или 22,58 %,** од кои:

- **63** предмет се од **граѓанската материја или 69,23% ,**
- **13** предмети се од **управната материја или 14,28%,**
- **15** предмети од **кривичната материја или 16,48%,** ,

**во период од 2 до 3 месеци решени се вкупно 98 предмети или 24,31%,** од кои:

- **81** предмети се од **граѓанската материја или 82,65 %,**
- **9** предмети се од **управната материја или 9,18 %,**
- **8** предмети од **кривичната материја или 8,16 %, ,**

**во период од 3 до 6 месеци, решени се вкупно 123 предмети или 30,52%,** од кои:

1. **83** предмети се од **граѓанската материја или 67,47%,**

2. **25** предмети од **управната материја или 20,32%,**
3. **15** предмети од **кривичната материјаили 12,19%,.**

**за период подолг од 6 месеци, решени се 78 предмети или 19,35%, од кои:34** предмети се од **граѓанската материја или 43,58%,**

- **34** предмети од **управната материја или 43,58%,**
- **10** предмети од **кривичната материја или 12,82%,**

**останати за работа во 2015 од вкупно 173 предмети или 30,03 %,**

- **82** предмети се од **граѓанската материја или 47,39%,**
- **70** предмети од **управната материја или 40,46%,**
- **21** предмети од **кривичната материја или 12,13%,**

Причина за пречекорување на рокот од 6 месеци како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Македонија е главно **недоставувањето на списи на предметите** на кои се однесува барањето, а по доставено барање од судот и во тие рамки задоцнето произнесување на судијата- те кои постапувал-ле по предметот на кој се однесува барањето, за редоследот на превземените процесни дејствија.

Во овој контекс, недоставува правно средство со кое Врховниот суд на Република Македонија ќе се наметнува пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога предмет на барањето е активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не го чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Неможноста, во сите случаи да се почитува рокот од 6 месеци за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се воочува во секоја од досегашните извештајни години – периоди и била предмет на разгледување и пред седниците на одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Имено, со законската рамка од 6 (шест) месеци и несоздавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно да се воведат механизми за решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото постапување на Врховниот суд на Република Македонија, па дури и да се доведе во прашање и ефикасноста на правното средство.

Фактите кои го детерминираат овој проблем, односно неможноста Врховниот суд на Република Македонија во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од 6 (шест) месеци за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за серизоно преиспитување на

законскиот рок во контекс на конзистентност на постапката пред Врховниот суд на Република Македонија и Европскиот суд за човекови права и праксата на тој суд.

Во тој контекст останува и овој пат да се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел овој суд да може да ги запази роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од нерациналното постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување на постапката по овои предмети пред Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и на оценката по извештаите за ефикасноста на правното средство.

Исто така, од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, од кои се врши конкретна оценка на разумноста на времето на постапувањето по предметите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Ова, од причина што и податоците од овој вид се од значење за одржување на ефикасноста на правното средство.

Во таа насока, Одделот за судење во разумен рок, детектира процесен проблем кој се состои во тоа што, ВСРМ по приемот и заведувањето на предмет по поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок, процесира барање до судот на кој се однесува предметот, како и до органите на управата, без разлика дали се работи за предмет кој е во фаза на одлучување или решен, односно правосилно завршен, заради одлучување во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на барањето во судот или кај органот, да се доставаат списите на предметот.

Недоставувањето на списи во наведениот рок, има за последица поднесеување на ургенција за постапување по барањето.

Состојбата на предметите во Одделот за судење во разумен рок на **31.12.2014** година, покажува:

- во **граѓанските** предмети од повеќе граѓански првостепени судови, од вкупно **81 активни** предмет, во **32 предмети не е одговорено на барањето,** а во **12 предмети има повеќе од една ургенација** за достава на списите.

- во **кривичните** предмети од вкупно **18 активни** предмети, во **12 предмети не е одговорено на барањето**, а кај **3 предмети има повеќе од една ургенција.**

- во **управните** предмети од вкупно **70 активни** предмети во **23 случаии не едговорено на барањето,** а кај **13 предмети има повеќе од една ургенција**.

Вкупно, кај **95 предмети** кои на 31.12.2014 година биле активни, во ВСРМ **постоела објективна неможност** да бидат решавани поради непочитување на пониските судови или органите на управата, да во пропишаниот рок ги доставаат списите на предметот, на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Во надминување на оваа состојба, која не е нова ВСРМ - Оддел за судење за разумен рок, има доставено **дописи до судовите** со кои се бара **навремено почитување** на роковите **за достава на списите,** со забелешка дека во случаите за предмет кој е активен пред понизок суд или пред орган на управа да бидат доставувани списите во оригинал, како би можело веднаш и недложно да се постапува и решава по барањата за судење во разумен рок, а само по исклучок да се доставуваат фотокопиии на списи.

Но, и покрај ваквите обраќања до претседателите на судовите, проблемот се продлабочува и бара итно и недоложно залагање на сите до кои оваа информација е упатена, да се реши, секој во рамките на својата надлежност во таа насока, ќе си ја понесе одговорноста од недоставувањето списи за решавање, за кое овој суд во иднина после секоја втора ургенција, ќе го известува Судскиот совет со ингеренции за натамошно постапување во утврдување на поединечната одоговорност.

Ваквата поставеност на работите во Одделот, доведува до неможност за постапување по предметите односно до зголемување на бројот на нерешени предмети.

### 5.3.2 Оддел за судење во разумен рок – втор степен

Во **Одделот за судење во разумен рок, советот кој одлучува во втор степен по жалби** изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **197** предмети, од кои **9** предмети останале нерешени од 2013 година, а во **2014** година новопримени се **188** предмети.

Од вкупниот број предмети во втор степен, решени се **179**

предмети по жалба, а на крајот на годината останале нерешени **18** предмети.

#### 5.3.2.1 Начин на одлучување на второстепениот совет

Следејќи ја работата на решавање на предметите на второстепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Во текот на 2014 година вкупно се решени 179 предмети или 90,86%, , од кои

- во 160 предмети или 89,38% – жалбата е одбиена како неоснована ,
- во 4 предмети или 2,23% – жалбата е отфрлена ,
- во 15 предмети или 8,37%, - жалбата е усвоена.
- 18 предмети останале нерешени или 9,13%;

Анализата на вкупниот број решени предмети во вторестепениот совет и тие дадени по структура, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања и во овој извештаен период покажуваат дека

преовладува бројот на решени – предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со потврдување на првостепеното решение со **89,4 %.**

### 5.3.2.2 Времетраење на постапката на второстепениот совет

Од вкупно **решените 179 предмети,**

- за период до 1 месец постапката е завршена во 90 предмети или 50,27%,
- за период од 1 до 2 месеци постапката е завршена во 60 предмети или 33,59%,
- за период од 2 до 3 месеци постапката е завршена во 24 предмети или 13,40%,
- за период од 3 до 6 месеци постапката е завршена во 4 предмети или 2,23%,
- за период подолг од 6 месеци постапката е завршена во 1 предмети или 0,55%,

## 5.4.СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СОВЕТ

### 5.4.1 Барања за заштита на основните права и слободи по жалба – УСПИ-Ж

Во **2014** година новопримени се вкупно **14** предмети по жалба на барања за заштита на основните права и слободи, од кои **11** се решени, а останале нерешени **3** предмети.

### 5.4.1.1 Траење на постапката

Од вкупно решените **11 УСПИ-Ж предмети:**

- **3** предмети биле решени **до 1 месец,**
- **5** предмети биле решени од **1 до 2 месеци**
- **1** предмет бил решен **до 3 месеца и**
- **2** предмета биле решени **до 6 месеци.**

### 5.4.1.2 Начин на одлучување

Од вкупно одлучените **11** предмети по жалба на барања за заштита на основните права и слободи **- УСПИ-Ж**, сите **11** жалби биле одбиени.

***

Во **2014** година имало 4 новопримени барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ**, од кои 3 се решени и останал 1 нерешен предмет.

Сите судии на Општата седница одлучувале по барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и од вкупно одлучените **3** предмети– **УЗЗ**, **сите 3 барања биле отфрлени**.

## 6. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2014** година има одржано **16 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2013 година.

- На проширена општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2013 година.

- На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работењето на судовите во РМ во 2013 година.

- Претседателот на судот прибави мислења од Општата седница во врска со Распоредот за работа на судиите во Врховниот суд на РМ за 2013 година.

- Формирани се Совети за одлучување по 4 (четири) жалби, изјавени против решенија за разрешување на судии, донесени од Судскиот совет на Република Македонија.

- Општата седница расправаше и одлучи по 4 (четири) Барања за заштита на законитоста од Јавниот обвинител и 2 барања од друг подносител. Од нив 5 (пет) Барања за заштита на законитоста се отфрлени како недозволени, а само едно е усвоено.

- Општата седница одлучи по вкупно осум приговори на судии против одлука за распоред за работа на Претседател на суд.

- Општата седница го усвои следното

**Начелно правно мислење**:

**„Јавниот обвинител на Република Македонија според одредбата од член 39 став 1 и член 44 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, како овластен орган со закон, не може да поднесе барање за заштита на законитоста против одлука на судот донесена по тужба за повторување на постапката, пред денот на примената на Законот за**

**измени и дополнување на Законот за управните спорови – 30.06.2011 година“.**

- Општата седница расправаше по правно прашање **Расправа по правно прашање во врска со предметот Рев2.бр.821/2013 кое гласи: - “дали во ситуација кога тужителот е во стечај може да се примени Законот за облигациони односи за утврдување на ништовност на Договорите за купопродажба, или пак исклучиво се применува Законот за стечај како посебен закон – lex specialis и дека во тој случај може да се бара само побивање на правни дејствија, па на тој начин да се исклучи примената на одредбите од Законот за облигациони односи кои што се однесуваат на ништовност на договорите?”**

Предложеното начелно правно мислење не го доби потребното мнозинство.

- Општата седница го усвои следното **начелно правно мислење**:

**-„Договорот за награда за адвокатски услуги склучен помеѓу адвокат-полномошник и странка, во делот со кој висината на наградата се определува во процентуален износ, а ќе биде пресметана по правосилното окончување на постапката, кога судот ќе донесе одлука за висината на надоместот - сумата ќе стане неспорна, е ништовен“.**

- Општата седница расправаше по Предлог законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

- Општата седница расправаше по Предлозите за измена и дополнување на Законот за судовите, Законот за судски совет и Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

- Општата седница го разгледуваше предлог текстот на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија изработен од Работната група формирана по предлог на Општата седница од 14.05.2013 година.

- Општата седница го усвои следното начелно правно мислење: **“Во текот на стечајната постапка на стечаен должник, стечаен доверител не е активно легитимиран да поднесе тужба за надомест на штета заради намалување на имотот на стечајниот должник сторено пред или по отворањето на стечајната постапка. Ваква тужба може да поднесе само стечајниот управник”.**

15. Мислење по Предлог заклучоци по дискусијата на Седницата на судии одржана на ден 02.09.2014 година на текст на нацртот на амандманите од XXXIII-XXXIX на Уставот на Република Македонија.

16. Мислење по текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Закон за судски такси.

17. Мислење по Предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

18. Мислење по Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Судскиот деловник ("Службен весник на РМ" бр.66/13).

19. Општата седница ја усвои следната:

**И Н И Ц И Ј А Т И В А**

за измена на преводот на македонски јазик на член 48 од Еднообразните правила кои се однесуваат на договорот за меѓународен железнички превоз на стока (ЦИМ – додаток Б на Конвенцијата) кои што се објавени во Законот за ратификација на Протоколот од 03.06.1999 година, кој се однесува на измена на Конвенцијата за меѓународен железнички превоз (КОТИФ) од 09.05.1980 година (Службен весник на РМ бр.102/2000).

**7. СЕДНИЦА НА ОДДЕЛИ**

**Оддел за казниви дела**

Во текот на **2014 година** на одржаните седници постапувал и расправал по добиени материјали и информации од Министерството за правда и други институции како и по правни прашања поднесени од основните и апелационите судови и притоа усвоени се **две правни мислења и еден заклучок**, кои се објавени на web страната на Врховниот суд на Република Македонија. На една од седниците на Одделот, **формирана е Работна група** за донесување на Правилникот за начинот на одмерување на казна. На седниците на Одделот се работело и по начелните правни мислења и сентенци за изготвување на материјал за Збирката за судски одлуки 2004-2014.

**Оддел за граѓански дела**

Одделот за граѓански дела одржал **8 седници** на кои се разговарало за разни правни прашања кои произлегуваат од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се донесени **пет заклучоци и усвоени четири правни мислења** кои се објавени на web страната на судот. Исто така, судиите од Одделот биле ангажирани и околу подготовката на материјалот за Збирката на судски одлуки 2004-2014.

**Оддел за судење во разумен рок**

Во извештајната година одржани се повеќе седници на кои биле разгледувани повеќе правни прашања и притоа донесени се **три заклучоци** , како и **интерен заклучок** кој се однесува на работата на Одделот. Исто така, е разгледуван и утврден текст на предлог сентенците произлезени од Одделот за Збирката на судски одлуки 2004-2014.

**Оддел за судска пракса**

Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2014 година во однос на остварувањето на основната цел, насоките и приоритетите во воедначување и следење на судската практика во Република Македонија изготви План и Програма за работа.

За остварувањето на основната цел Одделот во 2014 година ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта на единствена примена на законите во Република Македонија, учествуваше во подготовка на нацрт начелните ставови и начелни правни мислења и ги евидентира истите, ги селектираше, евидентираше и систематизираше одлуки од правна важност по правни области, по доставени известувања ex officio, проверуваше дали определени одлуки се согласно правните стојалишта во некоја поранешна или истовремена одлука и ја следеше и проучуваше судската пракса на пониските судови.

## 8. ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 30.01 до 01.02.2014 година присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишната работа на Европскиот суд за човекови права и семинарот организиран по тој повод на тема “Имплементација на пресудите на Европскиот суд за човекови права и поделена судска одговорност”.

Судија на Врховниот суд на Република Македонија, во периодот од 08-09 април, учествуваше на регионална конференција за промовирање најдобри практики во борбата против високиот профил на корупција, во организација на Романското министерство за правда и Националната канцеларија за превенција од криминал, Букурешт, Романија.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на 28-29 март, 2014 година во Будва, Црна Гора, учествуваше на првиот регионален форум за владеење на правото во југоисточна Европа, со цел промовирање и спроведување на Европската конвенција за човековите права и поттикнување на регионалната соработка во насока на континуиран развој на владеењето на правото и човековите права и помош во процесот на интеграција на регионот во Европската унија, во организација на АИРЕ Центарот и Владата на Црна Гора.

Во периодот од 29-30 април 2014 година, судија на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на регионална средба и регионална правосудна конференција, организирана во рамките на ЕУ Проектот за соработка во кривичната правда и заштита на сведоци во борбата против организираниот криминал и корупција WINPRO 2 финансиран со ИПА Програма 2012 во Тирана, Република Албанија.

На покана на Претседателот на Врховниот суд на Грузија, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 23-25 јуни учествуваше на Конференција на Претседатели на врховните судови од Централна и Источна Европа.

Делегација на Врховниот суд на Република Македонија од 04-06 октомври, 2014 година, на покана на Врховниот суд на Република Србија присуствуваа на Традиционалното годишно советување на судиите на Република Србија.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 24-25 Октомври 2014 година во Баку, Ајзарбејџан учествуваше на меѓународна конференција на претседатели на Врховните судови од европските држави на тема “Примена на Европската конвенција за човекови права и фундаментални слободи на национални ниво и улогата на националниот судија”, организирана во рамки на Ајзарбејџанското претседавање со Комитетот на министри на Советот на Европа.

На покана на Претседателот на Врховниот суд на Црна Гора, делегација, предводена од Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија присуствуваше на свеченото одбележување на денот на црногорското судство и

семинарот по тој повод "Судски денови" во периодот од 28-30 октомври 2014 година.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на 15-та меѓународна конференција на претседатели на Врховни судови во светот-"Самит на Светско судство 2014", одржана во Лакноу, Индија, во периодот од 10-16 декември 2014 година, на тема "Обединување на светот на децата под применлив светски закон и принцип на глобално владеење".

**Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции.**

-Делегација на Европската унија во Република Македонија предводена од Амбасадорот на делегацијата, официјално го предадоа Извештајот за напредокот на РМ, кон Европската унија. Средбата беше посветена на размена на мислења и дискусии за идните главни предизвици во процесот на пристапување на Република Македонија кон Европската унија.

-Претставници на Венецијанската комисија во рамки на посетата на Република Македонија во врска со побарано мислење по однос на предлог уставните амандмани со посебен осврт на XXXVIII и XXXIX предлог амандманите.

-Делегација на Европската унија од Одделот за економски прашања институционална надградба и предпристапно исполнување за областа Правосудството со посебен осврт на ИПА 2010 и ИПА 2012-2013.

- Работна посета на Делегација на Бугарската Академија на науките во рамки на проектната соработка со Македонската академија за науките и уметностите со цел размена на мислења и искуства за стратешки насоки за развој на реформите во судството, статусот на судиите, како и прашањето за независноста и ефикасноста на судството.

-Работен состанок со Директорот на Правната канцеларија на Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите при Амбасадата на САД, со цел разговор за реализирање на заеднички проект за формирање на едукативен инфо центар во рамките на Врховниот суд на Република Македонија, со помош на Амбасадата на САД.

-Во рамки на меѓународната соработка која Академијата за судии и јавни обвинители ја остварува со Правосудната академија на Турција, шестчлена делегација на турската правосудна академија, оствари посета на Врховниот суд

на Република Македонија. За време на средбата, претставниците на делегацијата на турската правосудна академија се запознаа со организацијата на судскиот систем во Република Македонија, со организасцијата и надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија, а посебен интерес покажаа за работата на Одделот за судење во разумен рок.

-Работна средба со Делегација предводена од Амбасадорот на мисијата ОБСЕ во Република Македонија, со цел запознавање со ставот на Врховниот суд на Република Македонија по однос на измените на Кривичниот законик и Правилникот за висината на казните, а на средбата се разговараше и за казнената политика во Република Македонија, како и идните проекти кои Мисијата на ОБСЕ ги има предвидено во нивниот план за развој на судството во Република Македонија за 2014 година.

- Амбасадорката на Амбасадата на Сојузна Република Германија во Република Македонија во протоколарна посета со посебен осврт за реформите во правосудството, како и за улогата на Врховниот суд на Република Македонија во имплементација на пресудите на Европскиот суд за човекови права и придонесот за спроведување на Европската конвенција за човекови права од страна на судовите во Република Македонија и применување на европските стандарди.

-Работен состанок со претставници на Проект на Европската комисија за подготовка на ЕУ Програма за поддршка на секторот Правда, со цел согледување на можностите за ефикасна интервенција на Европската унија во секторот Правда во рамки на ИПА 2 инструментот за предпристапна помош, за периодот од 2014-2020 година.

# 9. Извештај за односи со јавност

## Податоци за работа на кацеларијата за односи со јавност

Се констатира состојба на покажан интерес на граѓани кои се обратиле до Канцеларијата за односи со јавност, по пат на усни и писмени барања, со најчесто поставувани прашања: дали има заведено предмет во Врховниот суд на Република Македонија, под кој број е заведен предметот за кој се бара информација, текот на постапката по определен предмет, барања за приоритетно решавање на предмети, барања да се изврши увид во предмет, како и барања на странките за добивање на фотокопии од анонимизирани судски одлуки од објавени пресуди на WEB страната на судот..

**Број на примени и одговорени барања по Законот за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање**.

-.Број на поднесени барања: **20**
**-**.Број на позитивно одговорени барања: **12**
- по едно барање донесен е Заклучок за запирање на постапката, со образложение дека барателот не го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето.
- во по 7 барања донесен е заклучок за прекин на постапката.

**Број на објавени одлуки на WEB страната на судот,**

.Во 2014 година Врховниот суд на Република Македонија на својата WEB страна објавил 1472 одлуки. Со оглед на тоа што во 2014 година нема договор со фирма за одржување на web страните, како и заради ограничениот простор за објавување на одлуките, во Врховниот суд на Република Македонија се објавуваат одлуки од сите оддели, освен оние одлуки кои се отфрлени како ненавремени или недозволени, и одлуки каде што правното образложение е идентично.

**Објавени соопштенија за јавност.**

Врховниот суд на Република Македонија на WEB страната www.vsrm.mk во делот „соопштенија за јавност" тековно објавува соопштенија за јавноста за одржани работни посети на Врховниот суд, работни средби и состаноци со Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, како и известувања за учество на Претседателот и судиите на ВСРМ на меѓународни и регионални конференции, самити, семинари, предавања и обуки.

## 10. РАБОТНО ТЕЛО ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКИТЕ ВО СУДОВИТЕ

Работното тело за стандардизација на постапките во судовите кое функционира во Врховниот суд на Република Македонија и одговара за својата работа на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, а го раководи судија на Врховниот суд на Република Македонија, во 2014 година има одржано **10 седници** на кои се земени во работа **90 барања** од судовите, а кои се однесуваат на имплементацијата на новите законски решенија во АКМИС програмата.

На седниците се анализирани поставените проблеми со кои се соочуваат судовите при примената на АКМИС програмата и се пронајдени решенија и донесени заклучоци во однос на креирање на нови уписници согласно потребите

на судовите, дополнување на податоци на веќе постојните уписници во АКМИС програмата, како и воедначување на правилата и начинот на упис во уписниците. Во текот на својата работа Работното тело во текот на 2014 година креира нови процедури во АКМИС програмата и учествува во редефинирањето на номеклатурите во АКМИС системот, донесува одлуки во однос на имплементација на систем за следење на застарување на постапките за застарување на предметите во судовите и изготвување на акционен план за имлементација на казнената евиденција.

Во текот на работата изработени се и усвоени обрасци за електронската достава ,обрасци и упатства согласно новиот ЗКП, како и обрасци – барања кои судовите треба да ги доставуваат за отварање на нови уписници во централните номеклатури.

## 11. СОВЕТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА

Советот за судска служба, во текот на 2014 година своите надлежности ги извршувал согласно Законот за судска служба („Сл.бесник на РМ" бр. 98/08), Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба Сл.бесник на РМ" бр. 150/10), Деловникот за работа на Советот за судска служба.

Со континуирана ефикасна работа во текот на годината постигнати се добри резултати во решавање на предметите и другите активности. Со тоа, даден е значаен придонес за остварување на основната функција за законито одлучување и обезбедување единство во примена на законите во однос на статусот на судската администрација од страна на судовите, како и во други активности.

Во декември 2014 година Советот за судска служба го донесе усвои Актот за опис на звања на судски службеници, согласно Законот за судска служба („Сл.бесник на РМ" бр. 43/14), кој беше доставен до сите судови заради усогласување на систематизациите и звањата на вработените во судската служба, со кој се придонесе унификација на звањата согласно законот.

Обем на работа

Во текот на 2014 година во Советот за судска служба примени се 98 писмена по разни основи и по сите е постапено согласно закон и во законски предвидените рокови и одржани се 13 седници.

1.Постапка по жалба

Во текот на 2014 година до Советот се поднесени 40 жалби од судски службеници и други лица и сите се решени во тековната година, во законски предвидените рокови.

2. Постапка за согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите.

Советот за судска служба во извештајната година постапувал по 15 барања за согласност за изменување и дополнување на Правилниците за внатрешна организација и систематизација на работни места .

Членовите на Советот за судска служба во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации. Исто така членовите на Советот учествуваа во 34 комисии за вработување на судски службеници во судовите како членови и заменици членови.

Во текот на 2011 година Советот постапувал и по 9 предмети/барања по други основи.

Во 2014 година траењето на постапката по предметите биле согласно законски предвидените рокови.

## 12. Извештај за информатичка технологија

**Примено на програмски апликации на судот, извршени промени, доградба, проблеми и предлози за подобрување.**

### Извештај за информатички технологии

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Македонија вработени се **вкупно 5 (пет) IT инженери** кои посветено работат на **одржување на функционалноста** на IT системите кои се имплементирани и наменети **за сите судови на РМ** како и оние кои се наменети само за Врховниот суд на РМ.

Во Врховниот суд на Република Македонија **во функција се следниве кориснички програми** со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Програм за управување со движењето на судските предмети (АКМИС).
- Програм за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Програм за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РМ и одлуки на апелационите судови на Web страна.

- Програм за објавување на судски одлуки, општи информации, новости, статистички податоци и сл. на Web страната на Врховниот суд на РМ.
- Програм за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судот до корисниците).
-

Вработените во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ во **текот на 2014 година ги реализираа** следните активности:

- Изработени се **технички документации** за **реализација на постапки за јавни набавки** кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РМ и Судски совет на РМ од областа на IT како што следи:
    - Надградба (замена) на поголемиот дел од CheckPoint Firewall моделите кои повеќе не се поддржани од страна на производителот, одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектура во судовите на РМ и Судски совет на РМ.
    - Одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата во судовите на РМ и Судски совет на РМ.
    - Одржување и годишна софтвер претплата на централизираниот софтвер за заштита (backup) на базите на податоци во судовите на РМ и Судски совет на РМ.
    - Потрошен материјал, тонери, траки, хартија, канцелариски материјали и сл за потребите на Врховен суд на РМ.

  Континуирано се следи напредокот во согласност со зацртаните термински планови и се дава техничка поддршка во процесот на нивна реализација.

- Преземени се сите потребни активности во насока на **непречено функционирање** на инсталираното софтверското решение “**Систем за електронска достава на судски документи**“:
    - Континуирано се следат и нотираат појавените недостатоци, непредвидени проблеми и забелешки со цел нивно отстранување.
    - Континуирано **се дава техничка поддршка** на корисниците на системот кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош.
    - Периодично се изработуваат извештаи и оперативни предлог заклучоци за потребите на Владата на РМ.
    - Континуирано се следи бројот на регистрирани корисници и реализирани електронски достави во судовите на РМ, за што се изработуваат извештаи.

- За потребите на ИПА 2010 проектот изработена е **техничка документација за** високо достапен, лесно надградлив, стабилен и безбеден **систем за електронска достава на судски документи**.

- За потребите на ИПА 2010 проектот изработена е **техничка документација за изработка на Web страни на судовите на РМ** следејќи ги моменталните технологии за Web презентација и колаборација.

- Реализирана е потребната хардверско / софтверска инсталација и конфигурација со цел **преземање на базата за казнена евиденција од Министерството за внатрешни работи во надлежност на судовите на РМ** согласно законската регулатива.

- Во рамките на **планирање на буџет**, потенцирани се неопходните **потреби за инвестиции и одржување** на постоечките IT хардверски и софтверски системи во судскиот систем на РМ, **потреби од нови вработувања** на стручен IT кадар и **непоходноста за континуирана едукација** на вработениот IT кадар во судовите. Плановите се доставени до Судски

буџетски совет со цел одобрување на средства за нивна реализација во наредената година.

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ покрај предходно наведените, реализирани се и **тековни активности** како што следи:

- Центарлизирано (од Центарот за информатика) се **администрираат, менаџираат и мониторираат** IT системите кои се поставени во Врховниот суд на РМ а се наменети **за сите судови на РМ** како и оние кои се наменети само за Врховниот суд на РМ.

- Секојдневно **се спроведуваат** и контролираат **процедурите за заштита** на системски и кориснички податоци (backup).

- Секојдневно се **мониторираат системските логови за дојава на грешки на 30 сервери** сместени во систем салата на Врховен суд на РМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми и грешки.

- Континуирано се **следат перформансите** на поставените IT системи со цел согледување на потребата од нивна надградба.

- Континуирано **се следат новите трендови во областа на IT** (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.

- Континуирано **се следат корисничките апликации** во сите нивни фази на примена, се согледуваат евентуални **потреби од нивна надградба** и подобрувања, се доделуваат права и привилегии на вработените за користење на корисничките апликации согласно Распоредот за работа, се дава **помош и техничка поддршка** на корисниците.

- Се обработуваат податоци од АКМИС базата на податоци со цел **изработка на разни статистички извештаи** за потребите на судските служби и други институции.

- Се води **уредна документација за реализирани системски и кориснички активности**, настанати проблеми, нивно отстранување, се изработуваат месечни извештаи за реализирани работни задачи и сл.

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува **потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии** и IT системи во судскиот систем на РМ за да може преку **осовременување, едукација, копматибилност и унификација** на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на **ефикасна поврзаност** на сите судови на територија на РМ и **размена на податоци** со други институции. Тоа по автоматизам значително ќе го **зголемува обемот на работа** на постоечките само **5 (пет) IT инженери** вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа **евидентна и неопходна е потребата од постојано вработување** на стручни IT инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена **соодветна и континуирана едукација** имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## 13. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1.Врховниот суд на Република Македонија извештајната година ја завршил како ефикасен суд.**

Во 2014 година во Врховниот суд на Република Македонија биле вкупно во работа **4.909**, од кои новопримени **3.190** предмети.

Во текот на годината, решени се **3.274** предмети, при што **совладан е приливот** на новопримени предмети за вкупно **84** предмети.

**2.** Во текот на извештајната 2014 година, во **Одделот за казниви дела** новопримени биле 842 предмети, односно вкупно во работа по сите основи биле 963 предмети, од кои се решени 754 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 209 предмети по сите основи.

Бројот на нерешените предмети се должи на низа објективни фактори, меѓу кои и зголемениот број на предметите, особено во областа на организираниот криминал и тоа сложени, обемни предмети, со голем број на осудени лица, кои бараат значителни напори, како и подолг временски период за нивно ефикасно совладување.

Причините во врска со природата и карактерот на предметите кои влијаат на временскиот период за нивно одлучување, се рефлектираат и на времетраењето на постапката за добивање мислење од јавното обвинителство на Република Македонија.

На вкупниот број на нерешени предмети, секако има влијание и фактот што дел од истите во судот се примени на крајот од извештајната година, поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавното обвинителство на Република Македонија.

Воедно, Одделот за казниви дела од 27.10.2014 година поради заминување во пензија на судија, постапуваше со еден судија помалку, а поради заминување на породилно отсуство во месец април 2014 година на виш судски соработник и со еден соработник помалку.

**3. Во Одделот за граѓански дела во 2014 година** имало вкупно во работа **3.156** предмети, од кои **1.465** нерешени предмети останати од 2013 година, а новодојдени предмети се **1.691**. Во споредба со 2013 година кога биле примени **1.582** предмети, приливот на нови предмети во 2014 година е зголемен за **109** предмети.

Споредено со 2013 година, кога останале 1.465 нерешени предмети, бројот на нерешените предмети на крајот од 2014 година изнесува 1232, и е намален за **233** предмети. Во 2014 година во Одделот за граѓански дела совладан е приливот во целост а заостатокот е намален за **233** предмети. Ваквите позитивни резултати се постигнати со ангажирање на поголем број судии во три совети, а покрај ваквата предметна ангажираност судиите учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации, студиски патувања, работни средби со одделите за граѓански дела на апелационите судови, при што таквата нивна ангажираност немала негативно влијание за редовното предметно работење на Одделот.

**4.** Во **Одделот за судење во разумен рок,** навидум големиот број на нерешени предмети на крајот на извештајниот период, односно на 31.12.2014 година, се должи на евидентиран проблем, односно ненавремено доставување на списи на предметите на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, без кои неможе да се процесуира – решава по барањето, а за што е потребно институционално разрешување со интеревенција во законското решение и профилирање на постапка за овој вид предмети. Ова од причина што досегашниот начин за проблемот да се интервенира кај претседателите на судовите и Судскиот совет, не ги дава очекуваните резултати.

И во текот на 2015 година, да се продолжи со праксата за диференцирање на неусогласени ставови на советите во двата степени на одлучување и нивно разрешување со заклучоци од Одделот, во интререс на владеење на принципот на правна сигирност.

Начин на работа, дава за право Одделот и понатаму да продолжи да работи со ист интензитет и квалитет и колку е можно и со поголемо цитирање на праксата на ЕСЧП како извор на правото, како и по однос на висината на досудените надоместоците, во случаите кога е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, така и во други случаи кои низ праксата на постапувањето и одлучувањето и во двата степени ќе бидат препознаени.

Фактот што досегашните укажувања и заклучоци од минатите извештајни периоди, по однос на тоа дека правно е неиздржано да при оценка и утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, кога придонес имале единствено или во најголем дел органите на управата, досудениот надоместок да паѓа на

товар на судскиот буџет, не дадоа резултати, потребно е и ова прашање да биде повторно актуелизирано, односно реафирмирано со барање да се реши.

**5. Одделот за судска пракса** со кој раководи судија – Претседател на одделот, кој не се задолжува како судија известител по конкретни предмети, да ги интензивира активностите во реализацијата на особено значајната уставна надлежност на Врховниот суд на Република Македонија за воедначување и следење на судската пракса согласно изготвениот план и програма за работа.

**6.** Врховниот суд на Република Македонија согласно својата надлежност донесените начелни правни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија.

**7.** Да се интензивираат активностите за пополнување на бројот на судиите, согласно Одлуката, како и соодветно пополнување на работните места во судската администрација соглано потребите и обемот на работата.

**8.** Да се продолжи со активноста за добивање на документ за предавање на зградата на користење на Врховниот суд на Република Македонија од страна на Министерството за правда, бидејќи истото претставува пречка за решавање на проблемот со фасадата на Врховниот суд на Република Македонија, што ја загрозува безбедноста на вработените и странките.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**